ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **29.03.2022 година** во 08:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, Секретар на општина Крива Паланка **Антонио Давитковски**,Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски,**Раководител на одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,** Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура - **Маја Костадиновска ,**Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, **,** Раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски,**Раководителот на Одд.за човечки ресурси **Игор Додевски** ,Советник - Одговорен сметководител –**Марија Златановска,** Директорот на ЈП Комуналец **Миле Марковски** , Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски**,Советник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска и Драган Цвијовиќ-** поддршка на градоначалникот .

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиум со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар на општина Крива Паланка**

Од страна на Секретарот на општина **Антонио Давитковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Во координација со Даниела Велковска да се заврши постапката за регистрација на Футсал клубот

-Да се спреми Одлука за седница на Совет на општина за физибилити студија за Градски пазар.

-Да се подготват проектите за аплицирање во Програмите на Биро за регионален развој.

-Да се изготват Одлука за финансиска подршка за седница на Совет на општина за две лица.(Мери Акиевска која ќе учествува на балканско и светско првенство која ќе се натпреварува во бодибилдинг) и (Јован Стојчевски)

-По повод 7 ми Април Меѓународниот ден на Ромите да се одбележи активноста од страна на општината .

-На ден 8 ми Април ќе биде реализирано свечено пуштање и вовед во работа на системот за наводнување во с.Конопница со присуство Градоначалникот и претставници од општината , Министерот за земјоделство ,шумарство и водостопанство Љупчо Николовски и присутство на претставници од канцеларијата на ЕУ.

-По повод 7 Мај Ден на македонската полиција на РСМ на 30 Април на Градскиот стадион ќе се одржи свечена показна вежба од страна на припадници на МВР од нашата општина и од општина Струмица.

-По повод 20 Мај Денот на пожарникарите да се одбележи активноста од страна на општината.

-При изготвување на Програма за култура за 2022 година да се направи допуна на истата со содржина за активноста Новогодишен Базар и Лесковачка роштиљада и да се внесат во Ребаланс на Буџетот на општина и да се спреми одлука за седница на Совет на општина.

-Тековни активности

**<u>Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој</u>**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи,финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се состане работната група за ЈПП за Градски базен и да се дефинираат условите за градски базен

-Тековни активности

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Од страна на советник - одговорен сметководител – **Марија Златановска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.

-Тековни активности

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Од страна на раководителот на одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.

-Да се направи допис до МЖ за донација на нова количина на шини.

-Да се обезбеди решение за реконструкција за улица свети Јоаким Осоговски од осички мост до мотел Македонија.

-Тековни активности

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Од страна на раководителот на секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура–**Маја Костадиновска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се провери која е постапката и дали е потребна соодветна документација за поставување на дрвја Јапонска цреша.

-Да се следи постапката и да не се пропушти рокот за одобрение за градба на Адреналински парк на Калин Камен

-Тековни активности.

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

-Тековни активности.

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на раководителот на одделението за човечки ресурси **Игор Додевски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

-Од страна на раководителот на одделението **Даниела Велковска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

-Од страна на раководителот за испекциски надзор **Бранко Велиновски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни работи и зголемени контроли

-Поголема активност на комуналните редари

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец, **Миле Марковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се направи средба за Цонев Рид со сопственицитe за да се најде соодветно решение.

-Активностите кои не се завршени да бидат спроведени за јавна чистота според планот и динамиката и да се има постојана контрола за истите.

-По завршување со миење на главната улица да се продолжи со миење на споредните улици исто така со помош на пожарна да се направи миење на двете улици накај манастирот свети Јоаким Осоговски со претходно чистење и отстранување на одроните од истите.

-По завршување со оградувањето на игралиште да се продолжи со уредување на просторот кај Циглана.

-Да се уреди речното корито од Шанин мост надолу во координација со фирмата Гранит и истото да биде посеано со трева.

-Во координација и помош од страна на фирмата Дине трејд да се направи истампонирање на градскиот и сточниот пазар.

-Да се направи чистење на паркинг просторот кај Пакет маркет.

-Да се собере ризлата и солот што не е соберена.

-Поради чисењето на бавчите овој период да се стави акцент секојдневно да се собира отпадот.

- Неуредениот простор кај Бабин Дол да се посее со трева и уреди со цвеќе.

-После чистење и средување да се стават во функција фонтаните .

-Тековни активности

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј, **Драган Величковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

.Седница на совет ќе се одржи на 11.04 2022 година да се достават материјали од страна на раководителите на одделенија најдоцна до 01.04.2022 година и да се одржи координација со кординаторите на советничките групи и пуштање на материјал на 04.04.2022 година.

**29.03.2022 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**